РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1732/4
04-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-вата седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1732/1 од 09.04.2026 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за незаконско работење на АД ///, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај се водат постапки пред други надлежни органи – Министерството за внатрешни работи и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

Предметот со број 12-1732/1 од 09.04.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 09.04.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконско работење на АД /// и оформен е предмет број 12-1732/1 од 09.04.2026 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба во постапка по јавни повици на АД /// од /// година, за продажба на ///. Во пријавата се опишани околности поврзани со објавата на двата повика, на кои подносителот на пријавата го основа сомнежот за сторената злоупотреба – објава на повиците непосредно пред неработни денови во услови на краток период на важност на повикот при висока вредност на договорот, што според подносителот на пријавата упатува на свесно делување во насока на ограничување на конкуренцијата и фаворизирање на конкретен оператор. Подносителот на

пријавата се сомнева дека со наводните злоупотреби е сторена штета на буџетот на Република Северна Македонија во износ поголем од 11 милиони денари.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Министерството за внатрешни работи.

Од увидот во информациите доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:
Пријава со наводи кои се истоветни со наводите од пријавата доставена до ДКСК била доставена и до Министерството за внатрешни работи, по што за случајот е известен надлежен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

Со оглед на тоа, ДКСК констатираше дека во врска со пријавениот случај се водат постапки пред други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Јусуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК